*Општинско основно училиште „Ацо Шопов“-Скопје*
*Општина Бутел*

Согласно член 60, 61 и 63 од Законот за основно образование, (Службен весник на РСМ, бр.161/19), Наставничкиот совет на ООУ„Ацо Шопов“-Скопје на состанок одржан на 19.12.2023 ја донесе следната:

# ПРОЦЕДУРА

## за запишување во училиште

**Член 1**

Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година.

**Член 2**

При запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави портврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа.

**Член 3**

При запишување на детето со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

**Член 4**

Во прво одделение на основното училиште родителот, односно старателот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години.

**Член 5**

По исклучок на членот 4 од оваа процедура детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по претходно барање на родителот, односно старателот и добиено мислење од педагогот или психологот на училиштето.

**Член 6**

Запишувањето на детето на барање на родителот, односно старателот, здравстената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

**Член 7**

Запишувањето на детето го врши трочлена комисија составена од педагог или психолог или специјален едукатотор и рехабилитатор и наставник од редот на одделенските наставници.

**Член 8**

За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето најдоцна до 15 јуни.

**Член 9**

Доколку Комисијата од членот 7 од оваа процедура за запишан ученик процени дека детето има одредена развојна попреченост, а притоа родителот, односно старателот не доставил мислење/функционален профил од стручното тело за продецнака, во најдобар интерес на детето е комисјата да го упати родителот, односно старателот кај стручното тело за проценка, со цел да се одредат потребните мерки за поддршка во учењето.

**Член 10**

За незапишувањето, односно за неподготвеноста на детето за тргнување на училиште, комисијата е должна писмено да го извести родителот, односно старателот најдоцна до 15 јуни.

**Член 11**

Родителот, односно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува.

**Член 12**

Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон. Основачот го утврдува реонот на основното училиште од кој се запишуваат учениците во училиштето.

**Член 13**

Родителот, односно старателот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува и од училиштето од реонот во кој живее или каде што постојано престојува.

**Член 14**

Основното училиште може да запише ученици од друг реон или друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон односно општина.

**Член 15**

Училиштето во месец април објавува оглас на влез на училиштето, на влезот на градинката, на веб страната на училиштето за запишување на ученици во прво одделение. На огласот е истакнат контакт на кој што

родителот, односно старателот закажуваат термин за опсервација на детето. Опсервацијата се врши во група.

**Член 16**

При опсервацијата задолжително е да се достави целосната документација.

**Член 17**

Предност за упис за настава во продолжен престој имаат учениците на кои двајцата родители, односно старатели се во редовен работен однос (потврда од работодавачот).

Скопје, 2023

Директор

-------------------------------

Билјана Симоноска Антовска